**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-4047/2**

# З А П И С Н И К

**Од 90-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 18.07.2019 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Арун Ибраими-заменик на директорот на МРТ и Виолета Димевска-раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ. |

Седницата започна во 11:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.**Разгледување и усвојување на Записникот од 89-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**2.**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2019-30.06.2019 година.

**3.**Информација за склучување и потпишување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.

**4.**Разгледување и усвојување Меморандум за заеднички принципи на финансирање на јавните медиумски сервиси во западен балкан.

**5.**Разно

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 89-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 89-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 89-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 89-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2019-30.06.2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2019-30.06.2019 година.
Виолета Димевска објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2019-30.06.2019 година со мали технички забелешки по истиот.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2019-30.06.2019 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2019-30.06.2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2019-30.06.2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Информација за склучување и потпишување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативниот Синдикат при ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ кој пред присутните даде информација за текот на преговорите и подготовката на новиот документ Колективниот договор на ЈРП МРТ,притоа објаснувајќи какви новитети има во новиот Колективен договор и што добиваат вработените во МРТ со новиот договор.
Претседателката на советот предложи предлог документот на Колективнитот договор да биде сотавен по електронска пошта до сите членови на советот, за да во периодот кој следува и пред тој да дојде на усвојување го разгледаат подетално и бидат зпаознаени со документот.
Исто така во продолжение во врска со потпишувањето на Колективниот договор беа доставени пред присутните членови на советот на разгледување две Одлуки:
-Одлука за изменување на овластување и
-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ за склучување и потпишување на нов Колективен договор.

Врз основа на член 220 и член 225 од Законот за работни односи-Пречистен текст (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РМ“ бр. 110/19), и Член 43 од Статутот на ЈРП МРТ,а во врска со член 137 од Колективниот договор со бр.01-5264/1 од 10.07.2015 година, Програмскиот совет на ЈРП МРТ на својата 90-та седница одржана на ден 18.07.2019 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

-за изменување на Овластување број 02-620/2 од 31.01.2019 година-

**Член 1**

Овластувањето број 02-620/2 од 31.01.2019 година се менува и гласи:
“**СЕ ОПОЛНОМОШТУВА** Марјан Цветковски-Директор на МРТ во име на ЈРП МРТ да отпочне со постапка за колективно преговарање на нов Колективен договор со Синдикалната организација при ЈРП МРТ како репрезентативен синдикат во ЈРП МРТ.

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 220 од Законот за работни односи-Пречистен текст (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19), Поединечен колективен договор за јавните претпријатија и јавните установи склучуваат основачот или органот кој тој ќе го овласти и репрезентативниот синдикат кај работодавачот.

---

Врз основа на член 220 и член 225 од Законот за работни односи-Пречистен текст (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РМ“ бр. 110/19), и Член 43 од Статутот на ЈРП МРТ,а во врска со член 137 од Колективниот договор со бр.01-5264/1 од 10.07.2015 година, Програмскиот совет на ЈРП МРТ на својата 90-та седница одржана на ден 18.07.2019 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ за склучување и потпишување на нов Колективен договор бр.02-620/1 од 31.01.2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ за склучување и потпишување на нов Колективен договор број 02-620/1 од 31.01.2019 година.

**Член 2**

Членот 2 на Одлуката се менува и гласи:

“Се овластува Директорот Марјан Цветковски, во име на ЈРП МРТ да отпочне со постапка за колективно преговарање на нов Колективен договор со Синдикалната организација при МРТ како Репрезентативен Синдикат во ЈРП МРТ.

Колективниот договор во име на ЈРП МРТ ќе го потпише Претседателот на Програмскиот совет на МРТ”.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно член 220 од Законот за работни односи-Пречистен текст (Службен весник на Република Македонија бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РМ“ бр. 110/19), Поединечен колективен договор за јавните претпријатија и јавните установи склучуваат основачот или органот кој тој ќе го овласти и репрезентативниот синдикат кај работодавачот.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на гласање Одлуката за изменување на овластување и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ за склучување и потпишување на нов Колективен договор.

■Гореспоменатите Одлуки беа ставени на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за изменување на овластување и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор и овластување на Директорот на МРТ за склучување и потпишување на нов Колективен договор се **едногласно усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА4:**Разгледување и усвојување Меморандум за заеднички принципи на финансирање на јавните медиумски сервиси во западен балкан.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац која пред присутните ја образложи потребата и важноста од носењето на еден ваков документ.
Членот на советот Снежана Клинчарова исто така потенцирше дека ваквиот документ и неговото ратификување е од голема важност за МРТ, и има голем потенцијал за подобрување на нашиот јавен сервис, истиот има неколку технички грешки во самиот превод на македонски јазик кои беа нотирани од Клинчарова и предложено беше истите од службите во МРТ да бидат корегирани пред истиот да биде потпишан и заверен.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Меморандумот за заеднички принципи на финансирање на јавните медиумски сервиси во западен балкан.

■**Меморандумот за заеднички принципи на финансирање на јавните медиумски сервиси во западен балкан** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Меморандумот за заеднички принципи на финансирање на јавните медиумски сервиси во западен балкан е **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По расправата по оваа точка членот на советот Златко Јанковски предложи Заклучок: Менаџментот на МРТ да изнајде решение за ангажирање на лектор за потребите на Програмскиот совет на МРТ и документите кои прозилегуваат од работата на советот.
Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател